МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди

# ПРОГРАМА

# ЗА ЈАКНЕЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КАПАЦИТЕТ КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Септември 2020 година

Содржина:

I. Дефинирање на поимот етика;

II. Етиката во полицијата;
II.1 Полициски начела или принципи;
II.2 Цели на Полицијта во демократско општество;

III. Главни вредности кои го сочинуваат професионалното и етичкото однесување и интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи;

IV. Легислативно правни и административни капацитети кои го штитат етичкото и професионално однесување;

V. Презентација на случаи од пракса поврзани со непрофесионално и неетичко однесување, користење на Power point презентација, видео материјал, показни вежби со анализа и дискусија по истите;

VI. Соработка со Државната комисија за спречување на корупција и нивно учество на теми од областа на „конфликт на интереси“, „интегритет“ и „политичка неутралност“;

VII. Акциски план за спроведување на предметната програма;

## I ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ ЕТИКА

Постојат различни дефиниции за поимот етика.

-Етиката е наука за моралот, збир на морални принципи и вредности, однесувања на индивидуа или на група.

-Етиката го рефлектира индивидуалното морално однесување на поединците и групите во општеството, препознавајќи ја разликата помеѓу доброто и злото.

-Систем на морални вредности (посветеност, чесност, лојалност и храброст) генерално прифатени како професионални стандарди во полициското работење.

Етиката и етичкото однесување на припадниците во Министерството за внатрешни работи се приоритет и определба за изградба на модерна Европска полиција во служба на граѓаните со градење на партнерски однос меѓу Министерството и граѓаните.

## II ЕТИКАТА ВО ПОЛИЦИЈАТА

### II.1 Полициски начела или принципи

Вработените во Министерството при извршување на работните задачи треба да се раководат од следните основни принципи:

- законитост, непристрасност, стручност и професионалност во работењето;
- политичка непристрасност и неутралност;
- избегнување на судир на интереси;
- невршење на работи и дејности што се во судир со полициските работи;
- постапување согласно овластувањата и статусот;
- доверливост на информациите;
- ефикасно и економично користење на средствата за работа;
- грижа за интегритетот и угледот на Министерството за внатрешни работи

### II.2 Цели на Полицијта во демократско општество

- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- одржување на јавниот ред и мир;
- укажување помош и услужни функции на граѓаните;

## III ЛЕГИСЛАТИВНО ПРАВНИ И АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ КОИ ГО ШТИТАТ ЕТИЧКОТО И ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

1. Законски и подзаконски акти (Кодексот на полициска етика) кои се правна основа на полицијата за владеење на правото;
2. Полициските активности секогаш мора да се спроведуваат во согласност со националното право и меѓународните стандарди прифатени од земјата.
4. Законодавството што ја води полицијата треба да биде достапно за јавноста и доволно јасно и прецизно.
5. Полицискиот персонал е предмет на истото законодавство како и сите граѓани, а исклучоците можат да бидат оправдани само од причини за правилно извршување на полициските работи во демократско општество.

## IV ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЛУЧАИ ОД ПРАКСА ПОВРЗАНИ СО НЕПРОФЕСИОНАЛНО И НЕЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ НА POWER POINT ПРЕЗЕНТАЦИЈА, ВИДЕО МАТЕРИЈАЛ, ПОКАЗНИ ВЕЖБИ СО АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА ПО ИСТИТЕ;

Во овој дел од програмата на учесниците ќе им бидат презентирани реални случаи од работењето на Одделот во кои било констатирано неетичко и непрофесионално постапување на припадници на Министерството при што ќе бидат користени power point презентација, видео материјал, показни вежби со анализа и дискусија по истите.

## V СОРАБОТКА СО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И НИВНО УЧЕСТВО НА ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА „КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ“, „ИНТЕГРИТЕТ“ И „ПОЛИТИЧКА НЕУТРАЛНОСТ“;

Заради успешно реализација на предметната програма во обуката со свои видувања и ставови во однос на полицискиот интегритет ќе бидат поканети и вклучени и претставници од Државната комисија за спречување на корупција.

## VI АКЦИСКИ ПЛАН ЗА КОНТИНУИРАНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТНАТА ПРОГРАМА ВО ТЕКОВНАТА 2020/2021 ГОДИНА:

По верификација и донесувањето на програмата, Одделението за интегритет превенција од корупција и заштита на човековите права при ОВККИПС ќе изготви Акциски план со сите потребни елементи за реализација на истата.

| Предлага: | Одобрил: |
|---|---|
| Помошник на Министерот | Министер за внатрешни работи |
| м-р Дејан Андонов | Оливер Спасовски |